Terorizam (makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 15 | Nivo: Filozofski Fakultet Skopje

TERORIZAM

Тероризмот претставува незаконско користење на сила и насилство од страна на поединци или групи кои имаат директна врска со странските сили или пак, чии активности ги преминуваат националните граници, насочени против лица или објекти со цел да ги заплаши или да го принуди населението или било кој сегмент од општеството во остварување на своите политички или општествени цели. Во денешно време, најголем број на меѓународни терористички организации се спонзорирани од една или повеќе држави. Терористичките организации добиваат целосно поодршка од владите на државите- спонзори односно за своите активности имаат охрабрување во вид на финансиска помош, обука и заштита од една или повеќе влади.

Почетоци на тероризмот

Тероризмот со меѓународно значење своите зачетоци ги има уште во далечната 1930 година, кога беше извршено првото грабнување на авион, за денес да прерасне во глобална закана и сериозен акт на современата цивилизација. Современиот меѓународен тероризам не се однесува само на едно изолирано општество, односно не е насочен само против интересите на една држава. Неговата деструктивна моќ подеднакво ја чуствува целокупната меѓународна заедница што значи дека е неопходна да се познаваат сите видови на поврзаност меѓу терористичките акти и севкупните односи и состојби во меѓународната политика. Голем број на меѓународни конвенции го инкриминираат терористичкото однесување и ги обврзуваат сите земји да се борат со сите средства на правната држава против сите видови на тероризам. Од тој аспект, можеме да константираме дека меѓународниот тероризам претставува збир на активности забранети со меѓународното право, насочени против поединци, групи, држави и нејзини институции.

Со меѓународниот тероризам исто така се кршшат сите конвенции за заштита на човековите права и слободи во национални и меѓународни рамки, со што во голема мера се загрозува хуманата, индивидуалната безбедност на луѓето кои се повеќе постануваат жртви на ова современо зло. Во извршувањето на терористичките активности важна улога имаат и државите, кои условно можеме да ги поделиме во три групи:

Држави кои не го подржуваат тероризмот, меѓутоа тој се спроведува на нивна територија;

Држави кои не го спроведуваат тероризмот, меѓутоа го подржуваат;

Држави кои го подржуваат тероризмот или од кои доаѓаат програмите и силите кои го спроведуваат.

Држави кои го спонзорираат тероризмот се: Куба, Иран, Ирак, Либија, Северна Кореа, Судан и Сирија.

Најновата етапа во развојот на тероризмот, претставува глобална закана и го отвара патот за создавање на нова “Империја на насилство” односно светот го внесува во новото “Царство на стравот и ужасот”. Пречекорувањето на последниот праг на тероризам ќе значи отворање на нова “Цивилизациска врата” во пеколот, иако за утеха ќе констатираме дека шансите за успешен супертерористички акт сѐ уште се минимални, но до кога…?

**---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------**

www.maturskiradovi.net

MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL: maturskiradovi.net@gmail.com